Бр./Nr. 08-10199/2
Датум/Data 15.11.2024

**ДО: ХЕПА Македонија Национална организација за унапредување на здравјето со физичка активност**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на предлог-иницијатива за унапредување на здравјето со физичка активност

Почитувани,

Ви влагодариме за споделената предлог иницијатива „Развој на Национална стратегија и акционен план со идентификација на состојбата за превенција и третман на дебелината во детската и адолесцентна возраст во Република Северна Македонија".

Во рамки на надлежностите на Министерството за образование и наука а согласно предлогот за „креирање соодветен едукативен пристап на ниво на училишта", Ве известуваме дека предметот физичко и здравствено образование се изучува од прво одделение во основно образование и е застапен со три часа неделно односно 108 часа во текот на една училишна година. Во насока на унапредување на наставата по предметот физичко и здравствено образование со Законот за основното образование (Службен весник бр.161/2019) член 54 став (5) е уредено дека за изведување на наставата по овој предмет од прво до петто одделение се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование. Одредбите започнаа да се применуваат од учебната 2019/2020 година за генерацијата на ученици кои се запишуваат во прво одделение и се воведуваа сукцесивно секоја наредна учебна година.

Дополнително во насока на создавање на услови за спроведување на предметот физичко и здравствено образование во основно образование односно предметот спорт и спортски активности во средното образование, Министерството спроведува проект за Изградба и опремување на училишни спортски сали, за што во следниот период е планирано и зголемување на бројот на новоизградени и опремени училишни спортски сали.


Министерство за образование и наукана
Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

Имајќи предвид дека развој на Национална стратегија и акционен план со идентификацијата на состојбата за превенција и третман на дебелината во детската и адолесцентна возраст е во надлежност на Министерството за здравство, доколку се пристапи кон креирање на истата, Министерството за образование и наука активно ќе се вклучи со свој придонес.

Со почит,

Министерка за образование и наука
проф. д-р Весна Јаневска

Подготвл: Билјана Трајковска


Министерство за образование и наукана
Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk